**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ул. „Светозар Марковиќ“ 1**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 5**
**03.04.2018 година**

**Службен гласник на општина Делчево** — **Излегува по потреба** — **Гласникот е бесплатен**

**Уредува** — **Одделение за правни и општи работи**

**Април, 2018**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево ("Сл. гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 03.04.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од Осмата седница**

**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на општина Делчево ги донесе на Осмата седница која се одржа на ден 30.03.2018 година и тоа:

1. **Заклучок** за усвојување на Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 година за 2017 година;

2. **Заклучок** за усвојување на Извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2017 година;

3. **Заклучок** за усвојување на Полугодишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2017/2018 година;

4. **Одлука** за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во Прва година во СОУ „М.Н.Брицо"-Делчево за учебната 2018-2019 година;

5. **Заклучок** за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2017/2018 година со Заклучок за усвојување;

6. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-станбена куќа по барање на Стефчо Петровски;

7. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-станбена куќа по барање на Ванчо Петровски;

8. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-станбена куќа по барање на Митко Јовевски;

9. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-викенд куќа по барање на Трајчо Миленковски;

10. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-помошен објект по барање на Трајчо Миленковски;

11. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-станбена куќа по барање на Трајчо Миленковски;

12. **Одлука** за давање на користење недвижни ствари-канцеларија во општинска сопственост без надомсток на Влада на РМ, Агенција за промоција и поддршка на

туризмот во РМ;

13. **Програма** за управување со отпад за 2018 година во општина Делчево;

14. **Одлука** за утврдување на висината на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување при Општина Делчево.

15. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување.

16. **Заклучок** за усвојување на Годишен План за вработување на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2018 година;

17. **Заклучок** за усвојување на Годишен План за вработување на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година;

**18.** **Одлука** за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево;

19. Дополнување на Листа за определување на имиња на улици , плоштади , мостови и на други инфраструктурни објекти;

20. **Одлука** за основање на Совет на млади на општина Делчево.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 08-630 /1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**03.04.2018 год.** **Градоначалник,**

**Д е л ч е в о** **Горан Трајковски,с.р.**

**1.**Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ" бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за Годишниот Извештај за спроведување**
**на Програмата за развој на**
**Источно-планскиот регион за 2015-2019 година за 2017 година**

1. Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 година за 2017 година, **се усвојува.**

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 09-586/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**
**2.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ" бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03. 2018, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работењето**
**на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2017 година**

1. Извештајот за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2017 година, заедно со Годишниот финансиски извештај за 2017 година, кој е составен дел на Извештајот за работењето, се усвојува.

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 09-587/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03. 2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**3.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата на**
**СОУ „М.М.Брицо"-Делчево 2017/2018**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2017/2018 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-588/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**4.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.67/04), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2018/2019**

Член 1

Се усвојува Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2018/2019 со следните образовни струки и образовни профили:

| Вид на образование | Вкупно паралелки | Вкупно ученици | Паралелки на мак.наст.јазик | Ученици на мак.наст.јаз. |
|---|---|---|---|---|
| **а) Гимназиско образование вкупно** | **5** | **170** | **5** | **170** |
| **б) Стручно образование (во четиригодишно траење)** | **3** | **102** | **3** | **102** |
| **Струка** | **Образовен профил** | | | |
| 1) Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар **1** | **34** | **1** | **34** |
| 2) Текстилно-кожарска | Текстилен техничар **1** | **34** | **1** | **34** |
| 3) Хемиско-технолошка | Прехрамбен техничар **1** | **34** | **1** | **34** |
| **в) Стручно образование во тригодишно траење** | / | / | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно (а+б+в) | **8** | **272** | **8** | **272** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-589/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата на**
**ООУ „Ванчо Прке"-Делчево 2017/2018**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2017/2018 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-590/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**6.**
Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Станбена кука –по барање на Стефчо Петровски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2226** од **02,09,2011** година, од страна на **Стефчо Петровски** за бесправно изграден објект , **Станбена кука**, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. **10416/1** КО **Габрово** запишана во имотен лист бр**. 8**, и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".
Прилог:скица

**Број 09-591/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**
**7.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Станбена куќа –по барање на Ванчо Петровски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2226** од **02,09,2011** година, од страна на **Ванчо Петровски** за бесправно изграден објект , **Станбена кука**, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. **10416/1** КО **Габрово** запишана во имотен лист бр**. 8**, и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".
Прилог:скица

**Број 09-592/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**8.**
Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Станбена кука – по барање на на Митко Јовевски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-769 од 18,08,2011 година, од страна на Митко Јовевски у.,,Царевоселска ,, 8 Делчево за бесправно изграден објект , Станбена кука , означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 2574 и КП бр. 2575 запишана во имотен лист бр. 2 КО Очипала.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе

урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

**Број 09-593/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**9.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

ОДЛУКА

за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат

**Викенд кука** – по барање на **Трајчо Миленковски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска с`о поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2029** од **01,09,2011** година, од страна на **Трајчо Миленковски ул.,, Вера Јоцик,, 32 Делчево** , за бесправно изграден објект , **Викенд кука** , означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. **1920** запишан во имотен лист бр**. 9830** КО **Делчево.**

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

**Број 09-594/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**10.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник

на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Помошен објект – по барање на Трајчо Миленковски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска с`о поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2029** од **01,09,2011** година, од страна на **Трајчо Миленковски ул.,, Вера Јоцик,, 32 Делчево**, за бесправно изграден објект , **Помошен објект** , означен во елаборат како зграда бр.3 изграден на КП бр. **1919,1920** запишани во имотен лист бр**. 9830** КО **Делчево и** КП бр. **1921** запишана во имотен лист бр**. 10439** КО **Делчево .**

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".
Прилог:скица

**Број 09-595/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Драган Маневски,с.р.**

11.
Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Станбена кука – по барање на Трајчо Миленковски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска с`о поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-2029 од 01,09,2011 година, од страна на Трајчо Миленковски ул.,, Вера Јоцик,, 32 Делчево , за бесправно изграден објект , Станбена кука , означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 1920 запишан во имотен лист бр. 9830 КО Делчево.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

**Број 09-596/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

12.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ„ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016), а по Барање за отстапување на канцеларија од Влада на Република Македонија, Агенција за промоција и поддршка на туризмот во РМ бр. 03-218/1 од 14.03.2018 година, Наш бр.08-461/1 од 15.03.2018 година, Советот на Општина Делчево на осмата седница одржана на ден 30.03.2018 ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на користење недвижни ствари-канцеларија во општинска сопственост без надоместок на Влада на РМ, Агенција за промоција и поддршка на туризмот во РМ**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава на користење без надоместок недвижни ствари-канцеларија во општинска сопственост без надоместок на Влада на РМ, Агенција за промоција и поддршка на туризмот во РМ со цел реализација на дел од проектите од годишната програма за 2018 година на Агенцијата.

Член 2

Канцеларијата се наоѓа во старата општинска зграда на ул. „Методи Митевски Брицо„ бр.40, втор кат, канцеларија број 25, од 11м2.

Член 3

Сите трошоци за покривање за отварање на деловната единица во рамки на самата општина како и техничката опрема ќе бидат на товар на Општина Делчево, а финансиските средства за плата и придонеси се на терет на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во РМ.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Број 09-597/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

13.

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ„бр. 68/2004),а согласно член 22 став 1

точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.,весник на РМ бр.5/02) Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за управување со отпад за 2018година**
**во Општина Делчево**

**1.Вовед**

Согласно член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15) за спроведување на своите планови за управување со отпад, општините изготвуваат годишни програми. Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот на Република Македонија за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Република Македонија. Советот на Општина Делчево во месец октомври 2013 година го има донесено четиригодишниот план за управување со отпад на Општина Делчево ( 2013-2017 ). Планот во месец ноември истата година има добиено согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020), Националниот план за управување со отпад ( 2009-2015) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево ( 2013-2017).

**Стратегиска цел бр.1**
**Подобрување на управување со општинската депонија**

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2018 година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и во тек е потврдување на документот за регионално управување со отпад и после негово усвојување од страна на МОЕПП општината е потребно да се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата.

**Општина Делчево- дел од регионалниот систем за управување со отпадот**

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Република Македонија.

За да се спроведе односно да започне процесот за регионално управување со отпад потребно е најпрво подготовка на општините за вклучување во регионалното управување со отпад со затворањето на постоечките депони. Истото ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите

општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Согласно Планот за затворање на депониите, депонијата во Делчево ќе биде оперативна во преодниот период (преоден период Источен регион 2016-2020.

Со изработката на студијата за регионална депонија дефинирано е поради близината до истата како – оперативна(прифатна) депонија е да биде депонијата во М.Каменица.

Втора фаза: Комплетно затворање на оперативните депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

**Стратегиска цел бр.2**

**Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево**

Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.

**Стратегиска цел бр.3**

**Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)**

Финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори како:

1. Буџет на Општина Делчево ;
2. Буџет на РМ
3. Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);

**1.Опис и отценка на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| **1.Евидентирање на типови и количини на отпад, кои се создаваат во Општината и нивно соодветно управување.** | **1.1.Развивање на соодветна база на податоци за генерираните количини и видови на отпад** | **МЖСП<br>Општина Делчево** | | **МЖСП<br>Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,** |
| 1.Порамнување на отпадот на на депонија ,,Острец,,и посипување со слој од земја со цел да се спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред | -Анализа на затекнатата ситуација<br>-Проценка на финансиските средства потребни за реализација на активноста | Општина Делчево и ЈПКД ,,Брегалница,, | 200.000 | Со сопствени средства |
| 3.Доградување на неоградени места на дел од депонија ,,Острец,, | -Анализа на критични места за оградување | ЈПКД,,Брегалница,, | 100.000 | Со сопствени средства |
| 4.Регионален пристап во управувањето со отпад<br><br>-Општина Делчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | -Учество во регионално решавање на управувањето со отпад<br><br>-Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | ЈПКД,,Брегалница,, Општина Делчево МЖСПП | | Меѓународни финансиски институции МЖСПП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 5.Евидентирање на дивите депонии | 4.1. Теренска обиколка на целата територија на Општината<br>4.2. Проценка на капацитетите на сите диви депонии<br>-зелени појаси( засадување на дрвја и затревување) | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, | 100.000 | Општина Делчево |
| 6. Расчистување на дивите депонии и рехабилитација на истите | 6.1.Подготовка на План за затварање на дивите депонии и нивна ревитализација<br>6.2Чистење/затварање на диви депонии<br>6.3. Ревитализација на просторите, зафатени со диви депонии | Општина Делчево | 300.000 | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,,<br>Програма на Влада на РМ за озеленување<br>Програма за животна средина |
| 7.Собирање на растителен отпад од дворните места во текот на месец октомври,ноември и декември | -Со предходна консултација и соработка со населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50. 000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 8.Собирање на габаритен отпад од домакинствата | -По предходна консултација и известување на населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 9.Собирање и селектирање на ПЕТ амбалажа и отпадот од хартија | -Поставување на садови за селекција<br>-Едукација на населението за бенефитите од селективниот пристап на управување со отпад | ЈПКД,,Брегалница,,<br>Општина Делчево | | ЈПКД Брегалница<br>Општина Делчево<br>МЖСПП |

**2.Зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Буџет** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Замена и поправка на садовите за собирање на отпад поставени на јавните површини и да се постават нови на местата на кои има потреба од истите(парк и детско игралиште во Ново Делчево, по должина на ул.Кеј на ослободување) и на трите парцели на градските гробишта(две да се зголеми бројот и на третата да се постават нови), централно градско подрачје, околу училиштата и детските игралишта. | -Отстранување на старите садови;<br>-Поправка каде е е можно;<br>-Одредување (мапирање) на локации за поставување на нови | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,,<br>Општина Делчево |

**3.Управување со опасен отпад**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Буџет** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| .Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми и масла | -Иницирање за интегрално решавање на проблемот | Општина Делчево | ................... | Општина Делчево ЈПКД„Брегалница„ |
| .Решавање на проблемот со управување со отпад од животинско потекло | -Покренување на постапка за изградба на јама(гробница) | Општина Делчево | ................... | Општина Делчево ЈПКД„Брегалница„ |

**4.Едукација на населението**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подигнување на јавната свест кај населението | -Информирање на јавноста<br>-Припрема на кампањата<br>-Спроведување на кампањата<br>-Амализа на остварените резултати<br>-Организирање на акции | Општина Делчево | 50.000 | Општина Делчево |

**Број 09-598/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

14.
Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со член 126, член 130, член 132 и член 138 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11; 41/14; 129/15; 71/16 и 106/16) Советот на Општина Делчево на осмата седница, одржана на 30.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот на граѓаните во извршување на на должностите во Просторните сили за заштита и спасување при Општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на паричниот надоместок на граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на должностите од областа на заштитата и спасувањето во врска со учеството во просторните сили за заштита и спасување што ги формира Општина Делчево.

Член 2

Висината на надоместокот за извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување формирани од Општината се утврдува износ од една просечна месечна плата исплатена во Република Македонија

Член 3

Граѓаните што се повикани заради извршување на правата и на должностите во Просторните сили за заштита и спасување формирани од Општината, ако во текот на извршувањето на должностите им се обезбедат бесплатен превоз, бесплатна исхрана и бесплатно сместување - ноќевање, имаат право на надоместок за дополнително ангажирање за секој ден и тоа:
- За раководниот-командниот кадар во Просторните сили за заштита и спасување 5% од просечната месечна плата;
- За другите извршители во Просторните сили за заштита и спасување 3% од

просечната месечна плата.

–

Член 4

Средствата за паричниот надоместок на граѓаните заради нивното учество во просторните сили за заштита и спасување во Општина Делчево ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09–599/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**15.**
Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор „„Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2019 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2019 година на ОЈУДГ „Весели Цветови-Делчево бр.0101-82/1 од 22.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-600/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**16.**
Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор „„Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 8.редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2019 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево**

3. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2019 година на ОЈУДГ „Весели Цветови-Делчево бр.0101-82/1 од 22.03.2018 година.

4. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-600/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски**

**17.**
Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), член 32 од Законот за администраитивни службеници („Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199.2014 и 11/2018),како и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2018 година**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2018 година бр.0401-160/1 од 22.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-601/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**18.**
Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 11/2018), како и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година**

1.Се усвојува Годишниот план за вработување на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година бр.0401-161/1 од 22.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-602/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

18.
Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/2013, 120/2013, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16 ), Советот на Општина Делчево на 8. седница одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево**

Член 1
Со оваа Одлука се определува тарифата за вршење на авто-такси превоз на подрачјето на општина Делчево.

Член 2
**Тарифа 1** за вршење на авто-такси превоз на подрачјето на општина Делчево се определува за:
1.Старт (почеток) на извршување на превозот......................30,00 денари
2.Изминат километар при возење.......................................15,00 денари
3.Чекање во траење од 1 минута.........................................3,00 денари

**Тарифа 2** за вршење на авто-такси превозот во време на ноќно возење (од 00.00 часот на полноќ до 05.00 часот наутро и за време на празнични денови):
1.Старт (почеток) на извршување на превозот.....................30,00 денари
2.Изминат километар при возење.......................................18,00 денари
3.Чекање во траење од 1 минута.........................................3,00 денари

*Заштитна цена до 1 км поминат при возење.......................45,00 денари

Член 3
Цената на извршениот превоз се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот, а според определената тарифа.
Превозникот е должен на видно место да ја истакне тарифата.

Член 4
Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на тарифата за авто-такси превозот на патници на подрачјето на Општина Делчево број 07-1064/1 од 07.05.2013 година.

Член 5
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-603/1**
**30.03.2018 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски,с.р.**

**19.**

Врз основа на член 5 став 2 од законот за определување на имиња на улици , плоштади , мостови и на други инфраструктурни објекти ("Сл.весник на РМ" број 66/04 бр..55/07 , бр.145/10,бр.136/11,бр.163/13 и бр.147/15) а согласно член 22 став 1 точка 28 од Стаутот на Општина Делчево (Сл.Гласник на Општина Делчево бр.15/2014 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТА**

за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

I За имиња на улици ,плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево се определуваат :

**1 ) Улици**

**- Жан-Жак Русо** (француски: Jean-Jacques Rousseau) (28 јуни, 1712–2 јули, 1778) бил женевски филозоф, писател и композитор од периодот на францускиот романтизам. Неговата политичка филозофија влијаела на Француската револуција, како и на општиот развој на модерната политичка, социолошка и образовна мисла. Русо бил најпознат од „филозофите" меѓу членовите на Јакобинскиот клуб. Останките на Русо, кој бил масон, се пренесени во парискиот Пантеон како национален херој во 1794, 16 години по неговата смрт.

**- Женевска-**Женева е втор град по популарноста во Швајцарија (после Цирих). Се наоѓа на југоисточниот дел од државата. Претежно е населено со французи и се наоѓа блиску француската граница. Во близината на тој град се наоѓа Женевското езеро кое важи за едно од поубавите езера во Западна Европа. Во Женева се наоѓа и едно од седиштата на Обединетите Нации

**- Јохана Луис Шпири** (1827 – 1901) е родена во Швајцарија. Во 1852 година, Јохана Хеусер стапила во брак со Бернард Шпири, кој бил адвокат. Тие живееле во Цирих. Нејзиното прво и најпознато дело е приказната за деца и возрасни "Хајди", која ја напишала за четири недели. Хајди е приказна за едно сираче кое живее со својот дедо на Швајцарските Алпи. Сопругот на Јохана и единственото дете по име Бернард починале во 1884.

**- Ерих Марија Ремарк**(1929),роден 22 јуни 1898Оснабрик, Германија, а починал на 25 септември 1970 , германски писател, голем противник на војната и на нацизмот.Во 1932 година од Германија емигрира во Швајцарија, а потоа во САД. Се прославил уште со својот прв роман „На запад ништо ново", во кој прикажал еден период од Првата светска војна. Други негови дела се „Тројцата воени другари", „Триумфална порта" и „Искра на живот".

**- Херман Хесе** (германски: Herman Hesse) (2 јули 1877 - 9 август 1962) бил германски писател, поет и сликар, добитник на Нобеловата награда за книжевност во 1946 година.

**- Конрад Аденауер** (роден на 5 јануари 1876 во Келн – починал на 19 април 1967 во Бад Хонеф— германски државник. Иако неговата политичка кариера траела 60 години, тој е најзабележителен по неговата улога како прviот канцелар на Западна Германија од 1949-1963 и претседател на Христијанската Демократска Унија (CDU) од 1950 до 1966 година. Тој е најстариот Канцелар кој некогаш и служел на Германија, почнувајќи ја својата служба на 73 годишна возраст и напуштајќи ја на 83 години.

**- .Баварска-**Слободната покраина Баварија (Германски: Freistaat Bayern), со површина од 70.553 км² и 12,4 милиони жители, е една од двете најјужни сојузни покраини во Германија. Нејзин главен град е Минхен.

**- Харуки Мураками** (јапонски: 村上春樹; 村上春樹; Кјото, 12 јануари 1949) – еден од најпознатите современи јапонски писатели надреалисти и добитник на престижни книжевни награди. Неговите книги и раскази се бестселери како во Јапонија, така и на меѓународно ниво со преводи на неговите дела на 50 јазици.

**- Јапонска**-е островска земја источно од азискиот континент на западниот раб од Тихиот

Океан. Јапонија има население од 127.333.002 жители. Главен град на Јапонија е Токио.

**4 ) Други инфраструктурни објекти**

- **Базелска (на германски: Basel**) е град во Швајцарија кој според бројот на населението од 166,000 луѓе е рангиран на третото место во земјата.

II . Листата за за определување на имиња на улици , плоштади , мостови и на други инфраструктурни објекти се доставува до владата на Република македонија , за добивање на согласност .

III. Листата за за определување на имиња на улици , плоштади , мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник" на општина Делчево", а ќе се објави и по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

**Број 09-604/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**20.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), член 62 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево " број 15/2013) Советот на Општина Делчево на својата осма седница, одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За основање на Совет на млади на Општина Делчево**

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува основањето на Советот на млади на Општина Делчево (во натамошниот текст Совет на млади), делокругот на работа, составот и постапка за избор на членови, мандатот на членовите, начинот на работата, облици на соработка со други органи во Општината и други прашања од значење за работата на Советот на млади.

Член 2

Советот на млади е советодавно тело на Советот на Општина Делчево кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општината.

Член 3

Млади, во смисла на оваа одлука се државјани на Република Македонија со место на живеење во општина Делчево на возраст од 15 до 29 години.

II.ОСНОВАЊЕ НА СОВЕТ НА МЛАДИ

Член 4

Одлуката за основањето на Совет на Млади ја донесува Советот на Општината врз основа на позитивните законски прописи.

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА СОВЕТ НА МЛАДИ

Член 5

Советот на млади во општината ги врши следните работи:
- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
-расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината, а се од интерес за работата на младите;
- предлага на Советот на општината одлуки, програми и други акти од значење за младите во општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на наведените прашања;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретни одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката на акти за млади донесени од страна на општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
-се грижи за информираноста на младите за сите прашања значани за унапредување на положбата на младите;
-ја поттикнува меѓусебната соработка и размена на искуства со младите од други општини;
-предлага на Советот на општината финансиски план за остварување на програмите за работа на Советот на млади;
- по потреба повикува претставник од Советот на општината на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

## IV. СОСТАВ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

Член 6

Советот на млади го сочинуваат седум члена.
Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања објавува јавен повик за предлагање на кандидати за членови во Советот за млади.
Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: Невладини организиации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.
Врз основа на писмените предлози од предлагачите, Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања дава предлог на Советот на Општината кој ги избира и ги разрешува членовите на Советот на млади.
Советот на млади од своите редови избира претседател, со мандат од 2 години без можност за повторен избор.
Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

## V. МАНДАТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТ НА МЛАДИ

Член 7

Мандатот на членовите на Советот на млади трае две години.
Советот на општината може да разреши член на Советот на млади пред истекот на мандатот:
-на лично барање,
- ако наполни 30 години живот,
-ако неоправдано отсуствува од три по ред седници на Советот на млади и
-ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци

## VI. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТ НА МЛАДИ

### Член 8

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш на два месеци.
Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.
Претседателот на советот е должен да свика вонредна седница на советот на млади со предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.
Седниците се јавни.

### Член 9

Советот на млади ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните, но не помалу од 1/3 од вкупниот број на членови
Членот на Советот на младите не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг интерес.

### Член 10

Советот на млади го претставува и застапува претседателот на Советот на млади.

### Член 11

Советот на млади учествува во работата на седниците на Советот на општина Делчево за поедини прашања, но без право на одлучување.

### Член 12

Советот на млади може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за сродни видови на проблеми кои ги загрижуваат младите.

### Член 13

Начинот на работа на Советот на млади, изборот на претседател и заменик претседател поблиску се уредува со Деловник за работа кој го донесува Советот на млади.
Деловникот за работа Советот на млади го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на млади.

## VII.ОБЛИЦИ НА СОРАБОТКА

### Член 14

Советот на млади донесува Програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.
Програмата ги содржи следните активности:
-учество во креирањето и следење на локалната програма за работа на младите;
- соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство;
-консултирање со младински организации за теми значајни за младите;
-соработува со телата во општината во политиката кон младите;
Програмата содржи и останати активности, значајни за работата на Советот на млади и подобрување на положбата на младите;
Програмата за работа, Советот на млади ја донесува со мнозинство гласови од од вкупниот

број на членови на Советот на Млади.
Програмата за работа се доставува на одобрување до Советот на Општината, најдоцна до 30 Ноември во тековната година, за наредната година.
Советот на млади поднесува полугодишни извештаи за својата работа до Советот на Општината.

VIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање совет на млади на Општина Делчево бр.09-2495/1 од 29.12.2015 година.

Член 16

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 604/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.03.2018 година** **Претседател**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**